20671

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ

9. II. 1973

**БЛАЖЕ КОНЕСКИ:**

# За континуитетот

**(РЕЧ ПРИ ОТВОРАЊЕТО НА ЈУБИЛЕЈНАТА ИЗЛОЖБА НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ НА 15 ОКТОМВРИ 1970 ГОДИНА)**

**СЕ РАЗБИРА ДЕКА БИ МИ БИЛА МНО-
ГУ** тешка задачата, да се зафатам со приказ
на суштествените одлики на делото на овој
наш уметник. За тоа се повикани други, под-
ност правилно зацртаните посоки. Затоа е и
во освојувањето на просторите на една умет
ност најсигурен патеводител чувството за
континуитет.

Ќе се согласиме, мислам, дека и вооп-
што, и особено во нашиот случај, тоа дра-
гоцено чувство можеме да го придобиваме
со посебна леснина имено во областа на сли
карството. За тоа е, повеќе од другите орга-
ни, пригодено самото чуло со кое ги восприемаме
ликовните творби — видот. Од најста-
готвени луѓе, и јас со задоволство дознав
дека таква оценка ќе изнесе овде вечерва
пред нас професор Димче Коцо. Така мо-
жам спокојно да се ограничам на една мала
тема, на која ќе ѝ дадам наслов „За конти-
нуитетот“.

Но со што друго поубаво може да се
почне една таква тема при овој случај, ако
не со честитка до нашиот јубилар за него-
вата четириесетгодишна дејност и со искре-
на желба таа дејност да продолжува уште
многу години. Зашто во таа дејност е и над-
ворешно и внатрешно пројавен изразит
континуитет.

Не би можеле да кажеме дека нашата
средина е особено опитна, а тоа значи и осо
бено подготвена, да го цени како што треба
факторот на континуиетот во културно-исто-
рискиот развиток и во уметничкото творештво.
Ние сме млада средина која некои од
своите во историска смисла особено значај-
ни постигања ги мери сѐ уште од дистанца
од само две-три децении. Среде во шумата
тешко е да се погаѓа патот што води надвор
од шумата. Затоа се од неоценлива важ-
рите фрески на нашиот среден век па до де-
нешен ден се раздиплува пред погледот ед-
но бескрајно платно со чудесни траги во кои
се отсликуваат времињата, нивниот дух, нив
ниот порив да откинат од заборавта. Тоа
е едно ткаење, поврзано не само во простор
и време, ами и по внатрешната логика на
животот, со подеми и паѓања. Она што сле-
дува едноподруго, сепак сосуштествува и за-
емно се обусловува, составувајќи еден кон-
текст пред човечката вечност. Затоа така
болно не поразуваат празнините, оштетените
плохи покриени со студен малтер.

И ете во тој тек, во таа поврзаност, ние
му бараме и му наоѓаме место на нашиот
Никола Мартиноски. Како виток мост ги по-
врзува тој ликовните брегови на минатото
и сегашноста. Ми се чини вечерва дека не-
говата четириесетгодишна дејност се јаву-
ва пред нас како посебно јарок симбол на
постојаноста во нашето уметничко творештво.
И уверен сум дека е важно за сите нас
што тој веќе четири децении неотстапно, од
ден в ден, ја потчинува својата чудесна ли-
нија, ја извива, ја води како непрекинат
звук на виолина што ја возбудува нашата
душа. И како самата природа да го родила
Никола Мартиновски, висок и штроклест, да
може да застане пред времето и годините
со што поширок чекор и со рака која со
далекосежни потези ќе ја повлече напред
белегата на преемственоста.



**НИКОЛА МАРТИНОСКИ, СВАДБА, ТЕМПЕРА НА ХАРТИЈА**